Ѓорѓе МЛАДЕНОВСКИ

# САМОУПРАВУВАЊЕТО И САМОУПРАВНИТЕ ОДНОСИ КАКО ПРЕДМЕТ НА СОЦИОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Социологијата како посебна научна дисциплина настанува во оној конвулзивен напор да се направи појасна внатрешната логика на општествениот живот како и улогата која во него ја играат луѓето. Но, како и секоја рефлексија за општеството таа претставуваше и предлог за промена или конзервирање на општествената ситуација.

Овој втор значаен елемент на социологијата (кој впрочем е битен елемент на секое научно познание) всушност претставува она што некои автори го наречуваат нејзина „социјално-инженериска функција“.[1]

Спомнувајќи го овој израз, пред сè, имаме на ум дека една од специфичните црти на социологијата е ориентирање на човечкото поведение, а не само знаење заради самото знаење.

Сознавајќи ги феноменалните пројавувања на општествените појави, а пред сè подлабоките детерминистички сплетови кои стојат во основата на овие пројавувања, социологијата настојува да постигне и мобилизација на историските субјекти по пат на сугерирање на одредена визија и организирање на нивните делувања кон таа визија.

Во поново време оваа задача на социолошкото познание беше прегнатно формулирана од страна на американскиот социолог Рајт Милс. Откако констатира дека порано луѓето ги читале класичните социолози не единствено само заради стекнување на информации, туку и заради ориентација и откако укажува дека задача на социологијата е вкоренување на социолошката имагинција, тој вели:

„Социолошката имагинација го оспособува оној кој располага со неа да ја сфати најшироката историска сцена преку сфаќањето на нејзината смисла од гледиштето на внатрешниот живот и надворешните животни кариери на човечките единки... На тој начин личната неугодност и вознемирувањата на поединците

---

[1] Бауман, Зигмунд; Марксистичка теорија о друштву, Београд, Рад, 1969, стр. 492. (лат.).

се проектираат во фокус на експлицитни неволи, а рамнодушноста на јавноста се трансформира во ангажираност на јавни, општествени проблеми".[2]

Во оваа функција социологијата обезбедува и елементи на еден адекватен поглед на светот, односно едно рационално делување, адекватно на историската ситуација и нејзините барања, засновано на рационално познавање на таа ситуација и нејзините барања.

Од ова секако е јасно дека во социјализмот, посебно во самоуправното социјалистичко општество, социологијата треба да одигра огромна улога.

Двата основни аспекта на социологијата како наука, информацијата и ориентацијата, се централни и за разбирањето и разрешувањето на проблемите кои искрснуваат на патот на изградување на доследни самоупавни односи.

Во оваа фаза кога самоуправувањето тендира да допре до јадрото на економската структура и радикално менувајќи го тоа јадро битно да ја промени и општествената целина, односно кога настојува реално да се конституира како систем на односи и облици во кои здружените производители треба да управуваат со процесот на производството и да располагаат со резултатите на својот труд и со тоа да воспостават контрола на сите сфери кои го условуваат процесот на производството и условите на нивната егзистенција, социологијата може и треба да претставува значаен фактор за разбирање на пречките кои стојат на патот на реализацијата на оваа тенденција, и фактор кој на напрегањето на субјективните сили ќе им даде нова енергија со тоа што ќе обезбеди „општествена самосвест" во вид на една хуманистичка визија.

Ако доследни на фундаменталниот марксистички став велиме дека „посебниот пат и начин" на кој се врши спојувањетов на средствата за производство со непосредните производители, претставува одлучувачки фактор од кој зависи секој конкретен облик на општествената структура, тогаш евидентно е дека противречностите во остварувањето на концептот на општествената сопственост се главниот извор на тешкотиите во изградбата на самоуправните социјалистички односи.

Општествената сопственост е супстрат на самоуправните односи и од темпото и начините на реализацијата на овој концепт, кој според Кардељ поприма карактер на историска тенденција на надминување на сите облици на отуѓување на трудот и предметните услови на трудот од самите непосредни производители, зависи и развојот на самоуправувањето.

---

[2] C. Wright Mills; The Sociological Imagination, New York, 1977. стр. 11—12.

Бидејќи социологијата суштината на сопственоста ја гледа во односите помеѓу луѓето кои се воспоставуваат по повод на располагањето со средствата за производство, таа ќе се концентрира на изучувањето на тие односи во примарните ќелии на општеството, значи, пред сè, во сферата на материјалното производство, во процесот на трудот.

Концентрирајќи се на изучувањето на односите помеѓу луѓето во овие примарни ќелии на општествениот живот, поконкретно на начините на интеграција на средствата за производство и непосредните производители, социологијата на нужен начин ја вклучува во себе хуманистичката димензија.

Процесот на материјалното производство, историски посматрано, е место каде почнало отуѓувањето, но и место каде треба да отпочне процесот на разотуѓувањето на трудот. Имено, соединувајќи се со средствата за производство, имајќи можност првпат во историјата да биде повеќе од прост додаток на машината, работникот се ослободува од основните облици на доминација и деперсонализација. Во тој поглед самоуправувањето во материјалното производство претставува еден од најрадикалните акти на хуманизмот и основа на хуманизација во сите други подрачја на општествениот живот, придонесувајќи да се воспостави достоинството на човекот како највисок идеал.

За да се оствари тој идеал потребно е развивање на една нова свест, хуманистичка свест, која почива на бунт против секој вид на авторитет заснован на власт и насилство на човек над човек, кој, пред сè, произлегува од неадекватното социјално посредување. Во реализација на визијата на човекот на новото општество, човекот сфатен како сестрано творечко и самотворечко суштество, треба да се ангажираат сите субјективни сили на социјализмот, но пред сè образовните и воспитните институции, а исто така и научната, филозофската, социолошката па и уметничката критика. Но со оглед на тоа дека во изучувањето на општествените односи секогаш поаѓаме од стварни претпоставки, а тоа се „стварните индивидуи, нивната дејност и нивните материјални животни услови“,[3] секако е значајно да знаеме кои варитети на персонални структури се доминантни денес, во нашето општество на кој начин се селектирани и формирани бидејќи од тоа зависи и улогата на социологијата, овој пат како хуманистичко познание за врските помеѓу „индивидуалните биографии и општествената историја“,[4] познание кое е неопходен предуслов за менувањето на односите во едно општество. Во тој поглед, уште еднаш ќе се сложиме со Рајт Милс дека „социолошката имагинација“ во овој момент е најпотребниот квалитет на духот.

---

[3] Маркс, К., Ф. Енгелс; Германска идеологија, Рани трудови 335—336.

[4] Бауман, З. оп. цит. стр. 517.